РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-3401/2
28.04. 2017 год.

Врз основа на член 24а став (5) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/2016) и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр. 19-2249/1 од 05.03.2013 и бр. 20-2928/1 од 02.03.2017 година, Министерството за образование и наука донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по наставниот предмет Хемија**

1. Се акредитира Сојуз на ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ на Македонија Скопје за организирање на натпревари на учениците од средните училишта по наставниот предмет Хемија.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Сојуз на ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ на Македонија Скопје бр. 12-3401/1 од 13.03.2017 година.
3. Акредитацијата од точка 1 на ова Решение е за период од три години.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## *Образложение*

Министерството за образование и наука објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта бр.12-3065/1 од 06.03.2017 година, на кој Сојуз на ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ на Македонија Скопје поднесе барање за акредитација бр. 12-3401/1 од 13.03.2017 година.

Согласно член 24а став (5) од Законот за средното образование, Министерството за образование и наука, на предлог на Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта, врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр.19-15111/1 од 25.12.2013 година и 20-8779/1 од 20.04.2015 година, утврди дека Сојуз на ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ на Македонија Скопје, ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта утврдени во член 24а став (7) од Законот за средното образование, ја достави потребната документација наведена во Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта и го акредитира за период од три години, согласно член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр. 19-2249/1 од 05.03.2013 година и бр. 20-2928/1 од 02.03.2017 година.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

*Упатство за правно средство:* Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

Министерство за образование и наука
М и н и с т е р,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- архива
- Здружението
- Биро за развој на образованието